Република Македонија
Министерство за финансии

Бр. 08- 967/1
Скопје 06-02-2018 година

ДО: ______________________________

Предмет : Барање на податоци

Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за буџети и фондови
Даме Груев 12,
1000 Скопје,
Република Македонија
Веб страна: www.finance.gov.mk

Почитувани,

Во Министерството за финансии во тек се активностите за подготовка на Фискалната стратегија за наредниот среднорочен период, со која се дефинираат насоките и целите на макроекономска и фискалната политика, политиката на јавниот долг, како и износите за главните категории на проценетите и одобрените средства за наредниот период.

За таа цел, а во функција на утврдување на основното сценарио на расходи и приходи за наредниот среднорочен период 2019-2021, потребно е од ваша страна да се пополнат соодветни Обрасци во excel формат достапни на веб станата на Министерството за финансии- Јавни финансии- Буџет- Документи- Основно сценарио.

Образецот за основно сценарио на расходи се пополнува на начин што за секоја потпрограма во буџетот се отвара посебен sheet во рамки на истиот Образец, а дополнително се доставува образложение за разликата во проекциите за вкупниот буџет по расходни категории.

Под основно сценарио се подразбира утврдување на среднорочните расходи и приходи без да се земат предвид дискреционите промени (а во согласност со постоечката легислатива). Ова подразбира приказ на расходи и приходи од вршење на „вообичаените надлежности“ кои произлегуваат од постоечкото законодавство, постоечките обврски и задачи. Според тоа, основното сценарио не ги опфаќа новите иницијативи за финансирање за следните години.

Дополнително на ова доколку се планира отпочнување на нова активност/проект/измена на законска регулатива од ваша страна потребно е да се пополни соодветен Образец за финансирање на нови иницијативи во excel формат, доставен во прилог на овој допис, но не повеќе од три нови предлози. Образецот е достапен на веб станата на Министерството за финансии- Јавни финансии- Буџет- Документи- Нови иницијативи и за секоја нова иницијатива се пополнува посебен Образец.

Подетално појаснување за основното сценарио и новите иницијативи може да најдете во Прирачникот за среднорочна буџетска рамка и среднорочна рамка на расходи, достапен на веб страната на Министерство за финансии или на слениот линк: http://www.finance.gov.mk/mk/node/5497

Сите пополнети Обрасци задолжително да се достават електронски на следниве меил адреси: aleksandra.altievska@finance.gov.mk и olivera.markoska@finance.gov.mk, како и во писмена форма потпишана од раководното лице на институцијата, до Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови, најдоцна до 23.02.2018 година.

Со почит,

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Изготвил:Маја Аргировска
Одобрил: Вера Проковиќ
Согласен: Елена Трпковска